Бр./Nr 12-1442/5

19-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата со број 12-1442/1 од 05.04.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за понатамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1442/1 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-1442/1 од 05.04.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени општи наводи кои се однесуваат на сомнежи за незаконски спроведена постапка за вработување во ///, по објавен јавен оглас, конкретно за предметот народно пеење. Подносителот наведува дека ги исполнува условите за вработување, наспроти избраниот кандидат. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Пријавата е надополнета на ден 11.05.2021 година. Доставени се докази како поткрепа на наводите.

По разгледување на наводите во пријавата, и доставените докази, ДКСК побара податоци, информации и документација од горе горенаведениот субјект, кој извести дека за конкретниот предмет како најдобро рангиран кандидат е избран токму подносителот.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**